Николина КЕНИГ УДК: 159.923:316.7

# ЕТНИЧКИОТ ИДЕНТИТЕТ И ПЕРСОНАЛНАТА ОРИЕНТАЦИЈА: ПОВРЗАНОСТ МЕЃУ ДИМЕНЗИЈАТА КОЛЕКТИВИЗАМ – ИНДИВИДУАЛИЗАМ, ВРЕДНУВАЊЕТО НА ЕТНИЧКИТЕ СИМБОЛИ И ЕМПАТИСКАТА ИДЕНТИФИКАЦИЈА

## Вовед

Во последните три децении, особено по инсистирањето на Triandis (1976) културата да биде вклучена како важен параметар во конструирањето на теориите на личноста и социјално-психолошките теории, гледиштето за тоа дека социјалното однесување во голема мера е детерминирано од доминантните вредности и идеологијата на конкретна култура, станува нашироко прифатено во академската психологија. Една од водечките теории, која различните култури ги објаснува преку нивната позиционираност на пет независни биполарни димензии, е теоријата на Hofstede. Врз основа на крос-културални истражувања, правени во повеќе од 50 современи национални заедници, тој по емпириски пат открива дека културите се разликуваат во зависност од начинот на кој го регулираат социјалното однесување и тоа преку „вградување" на релативно стабилни форми на реагирање на околината, кое делумно е научено, а делумно генетски стекнато. Културата ја третира како исход од „...колективното програмирање на умот кое продуцира разлики помеѓу припадниците на различни групи или категории" (Hofstede, 2001: 9), односно како *идентитет на заедницата* кој се рефлектира врз индивидуалниот идентитет на нејзините припадници. Менталното програмирање се одвива на три нивоа; (1) на универзално ниво програмирањето е поврзано со општоподелените биолошки карактеристики на луѓето, (2) на колективно ниво служи за регулирање на групните односи и проду-

цира интергрупни разлики (култури), (3) а на индивидуално ниво, во рамките на дадената култура, менталното програмирање продуцира интериндивидуални разлики помеѓу припадниците на иста културална заедница. Сепак, јасна граница помеѓу колективниот и индивидуалниот идентитет не е можно да се определи.

Регулацијата на прашањата во врска со еднаквоста помеѓу луѓето ја продуцираат димензијата **дистанција во моќта** (power distance). Во општествата со високо изразена дистанција на моќ, луѓето се недвосмислено и прилично фиксно поделени во категории според социјалниот статус, а однесувањето се канализира долж хиерархиската поставеност. Крајно непожелни облици на однесувања во овие заедници се критикувањето, одбивањето покорност, сомневањето во компетентноста на авторитетите или инсистирањето на права и еднаквост. Типично општество со високо изразена дистанција на моќ е Јапонија, а со ниска, скандинавските земји и САД (Hofstede et. al., 2002).

Димензијата **избегнување неизвесност** (uncertainty avoidance) е поврзана со нивото на толеранција на заедницата во неструктурирани ситуации а се гради околу вреднувањето на експлорацијата. Културите каде што високо се вреднува креативноста, двосмислените ситуации не предизвикуваат стрес и непријатност, туку напротив, се третираат како можност за откривање и раст, разликите и девијантните појави не се сметаат за загрозувачки, а правилата се сведени на краен можен минимум и лесно се менуваат, се оние каде што избегнувањето неизвесност е ниско изразена димензија. Културите кои избегнуваат неизвесност се ригидни во поглед на моделите на однесување и рестриктивни во однос на отвореноста кон нови идеи. Од досега спроведените истражувања, (Hofstede et. al., 2002), избегнувањето неизвесност е типично за балканските народи, додека во Шведска, Хонг Конг, Ирска и Велика Британија толеранцијата на неизвесноста е највисока.

Фокусираноста на активностите во секојдневните интеракции ја одредува димензијата **долгорочна** наспроти **краткорочна ориентација** (long-term *versus* short-term orientation). Кај културите коишто ги

карактеризира краткорочна ориентација, водечка вредност во меѓучовечките односи е моменталниот впечаток кој поединецот го остава пред другите, без разлика на последиците за подалечната иднина. Пожелни начини на однесување се реципроцитетот, инсистирањето на личен имиџ, трошењето и брзите решенија, а крајно непожелни се скромноста, штедливоста и планирањето на далечната иднина. Оваа димензија е досега најмалку емпириски истражена, но речиси идеално се совпаѓа со конвенционалната поделба на западна наспроти источната култура.

Поделбата на родовите улоги и вреднувањето на грижата за другите наспроти материјалните постигнувања, ја градат димензијата **маскулиност-феноминост** (masculinity *versus* femininity). Културите каде границата помеѓу родовите улоги е јасна и ригидна, натпреварувањето е норма во односите помеѓу луѓето а победувањето важи за врвна вредност сама по себе (при што главно оружје на жените во социјалната компетиција е физичката атрактивност, додека мажите посегаат по разновидни облици на манифестирање на агресија), се изразито маскулини. Мерењата укажуваат на висока изразеност на маскулиноста во Јапонија, Венецуела и Италија (Hofstede, 1998). На другиот крај на континуумот се културите каде што се очекува солидарност со помалку моќните и грижа за останатите и за околината, конфликтите се решаваат со преговарање и се вреднува попустливоста и емоционалноста. Највисоко изразена феминина димензија имаат Холандија, Шведска и Данска.

Димензијата **индивидуализам-колективизам** (individualism *versus* collectivism) се напластува околу вреднувањето на индивидуалната слобода наспроти групната хармонија. Додека во индивидуалистичките општества клучната дистинкција се прави на линијата „јас“ наспроти „другите“, во колективистичките предност има групниот идентитет, што продуцира приоритет на поделбата на реалноста во категории „ние“ наспроти „тие“. Идентитетот на индивидуата е во втор план и се изразува преку идентитетот на групата (најчесто семејството односно етничката припадност), а се инсистира на минимизирање на интериндивидуалните разлики во групата за сметка на максимално зголемување и одржување

на разликите помеѓу групите. Емпириските податоци укажуваат на тоа дека изразито индивидуалистички општества се САД, Австралија и Велика Британија, а водечки во колективистичката ориентација се Гватемала, Панама и Индонезија[1].

## Релевантни емпириски истражувања за димензијата индивидуализам - колективизам

Kashima и Kashima (1998) откриваат значителни варијации во јазичното изразување помеѓу колективистичките и индивидуалистичките општества и тоа пред сè во зачестеноста на употребувањето на заменките *јас* и *ние*. Bochner (1994) го дополнува овој наод со сознанието дека во колективистичките култури, самоопишувањето главно се прави преку опис на групата. Истражувањата на Gudykunst et al. (1992) потврдуваат дека луѓето од колективистичките култури се стремат во поголема мера да се перципираат како слични со припадниците на својата група, додека Schimmack (1996) открива дека тие се помалку успешни во препознавањето на емоционалната експресија кај припадниците на другите етнички групи отколку припадниците на индивидуалистичките општества. Bond и Smith (1996) известуваат и за поголем степен на конформирање со групата кај колективистите, а Leung et al. (1992) ги поврзуваат колективизмот и индивидуализмот со специфичните стилови на разрешување конфликтни ситуации - додека за индивидуалистичките култури преферириан начин е директната конфронтација, натпреварот и арбитрирањето,

[1] Во крос-културалната студија на Hofstede, спроведувана за првпат помеѓу 1967 и 1973 (а подоцна неколку пати реплицирана) вклучена е и поранешна СФРЈугославија, но само со популација од српско-хрватско и словеначко говорно подрачје. По распаѓањето на федерацијата, испитувањата продолжуваат во Словенија, Хрватска и Србија, а резултатите се соопштуваат поединечно за секоја од нив. Општо земено, емпириските податоци ја позиционираат Југославија по испитуваните димензии на следниот начин: 1) високо изразена дистанција во моќта, 2) умерено изразен колективизам, 3) умерена фемининост, 4) високо изразена нетолеранција на неизвесност. Податоци за димезијата краткорочна наспроти долгорочна ориентација нема, бидејќи оваа димензија авторот ја вклучува подоцна.

колективистичките се справуваат со конфликтите преку медијација и непосредно преговарање.

Културата го обликува идентитетот на поединецот, а за културалните димезии се заклучува преку индивидуалните идентитети. Затоа не е изненадувачка конфузијата на линија културална димензија - индивидуална одлика. Hofstede инсистира на тоа дека наведените пет димензии ги опишуваат националните култури и следствено, кога се изведуваат заклучоци за нивните консеквенции во различни сфери на општеството (семејството, законодавството, односите помеѓу половите или етничките групи, доминантната идеологија или религијата, работните односи итн.) треба да се води сметка за тоа дека спротиставените димензии „... *не се психолошки туку антрополошки разлики и се однесуваат на заедниците а не на поединците во тие заедници*" (Hofstede, 2001: 216)[2]. Тоа што дадена култура може да се опише преку степенот на изразеност на линија на дефинираните димензии, во никој случај не значи дека не постојат интериндивидуални варијации во однос на нив. Конкретно, во една нагласено колективистичка заедница, поединци може да манифестираат и индивидуалистичка ориентација или обратно.

На персонално ниво, индивидуалистичката наспроти колективистичката ориентација резултира со определени последици врз животниот стил и психолошката добросостојба. Hsu (1981) тврди дека изразениот индивидуализам е поврзан со чувство на длабока несигурност и зголемена анксиозност поради потпирањето исклучуво на самиот себеси и на сопствените ресурси (според Hui & Villareal, 1989). Верувајќи дека независниот селф е единствен извор за контрола на околината, индивидуалистите имаат нагласена потреба за постигнување, чувство на алиенираност,

---

[2] За да се избегне овој проблем, Triandis (1985) предлага да се користат различни термини за оваа варијабла: кога се употребува за опишување на поединци, за индивидуалистичката ориентација да се користи терминот *идиоцентризам*, а за колективистичката ориентација - *алоцентризам*. Во ова истражување, димензијата колективизам-индивидуализам има третман на психолошка варијабла, бидејќи фокусот на интерес е насочен кон откривање на можните варијации во конструирањето на етничкиот идентитет во зависност од индивидуалната ориентацијата кон едниот или кон другиот нејзин пол.

осаменост и повисоки скорови на скалата за аномија (Triandis, 1985). Hui и Villareal (1989) наоѓаат разлики во психолошките потреби - кај индивидуалистите се нагласени потребата за натпреварување и потпирање на себеси, а кај колективистите потребата од социјална потврда. Индивидуалистичката ориентација е во негативна корелација со етноцентризмот (Hofstede, 2001) а во позитивна со прифаќањето на концептот за човекови права. Gudykunst (1987, според Hofstede, 2001) соопштува дека студентите со колективистичка ориентација го сметаат својот пол и својата религиската припадност како клучни одредници на идентитетот, што не е случај со „индивидуалистите".

**Истражувачки проблем**

Наведените емириските студии недвосмислено упатуваат на тоа дека колективистите и индивидуалистите поаѓаат од различни психолошки позиции во конструирањето и интерпретирањето на својот групен селф. Ова истражување ќе се фокусира на неколку сегменти од можните разлики во структурата на етничкиот идентитет, чиј претпоставен извор на варијација е персоналната ориентација кон индивидуалистичкиот односно кон колективистичкиот склоп на вредности, обидувајќи се да даде одговор на прашањето: Дали колективизмот како персонална ориентација во споредба со индивидуалистичката ориентација, се одразува на етничкиот идентитет така што наметнува поизразена перципирана сличност со етничкиот селф и со симболите на етничката група *(Македонија* и *христијаните),* како и повисоко вреднување на овие симболи?

**Хипотези**

Ако се земе предвид дека мноштво наоди упатуваат на разлики помеѓу луѓето со колективистичка наспроти тие со индивидуалистичка ориентација во однос на перцепцијата и доживувањето на себеси во контекст на групата на која ѝ припаѓаат, логично е да се претпостават и

консеквенции од степенот на изразеност на оваа димензија врз процесите на етничката идентификација. Основната линија по која теоријата ги диференцира „индивидуалистите“ од „колективистите“ е нивната фокусираност околу дистинкцијата на селфот наспроти другите. Бидејќи колективизмот подразбира однос кон реалноста во кој селфот е пред сè групен, а индивидуализмот се базира на првичната поделба на контекстот на категориите *јас* наспроти *другите,* додека припаѓањето во некоја групна категорија е второстепено, може да се претпостави дека меѓу групниот и персоналниот селф кај двете групи нема еднаков степен на конгруентност. Односно:

> $H_1$. Кај индивидуалистички ориентираните поединци е поизразен степенот на разлика помеѓу персоналниот и етничкиот селф отколку кај колектвистички ориентираните.

Исто така, може да се очекува моделите на етничката (групната) идентификација да немаат исто значење за двете групи. Доколку колективизмот подразбира поголем степен на перципирана сличност меѓу себе и другите припадници на групата, „равенството“ веројатно важи и за клучните симболи на групниот идентитет. Или:

> $H_2$. Димензијата индивидуализам-колективизам е поврзана со степенот на перципирана сличност помеѓу себеси и симболите на етничка идентификација.

> $H_{2а}$. Во споредба со индивидуалистички ориентираните поединци, колективистички ориентираните во поголем степен емпатиски се идентификуваат со *Македонија.*

> $H_{2б}$. Во споредба со индивидуалистички ориентираните поединци, колективистички ориентираните во поголем степен емпатиски се идентификуваат со *христијаните.*

Хомогеноста помеѓу *јас* и *другите кои ѝ припаѓаат на групата* која произлегува од третманот на селфот од позиција на колективизмот како нераскинлив дел на групата, веројатно се одразува и врз вреднувањето на групните симболи:

$H_3$. Димензијата индивидуализам-колективизам е поврзана со вреднувањето на симболите на етничката идентификација.

$H_{3а}$. Колективистички ориентираните поединци повисоко го вреднуваат ентитетот *Македонија* од индивидуалистички ориентираните поединци.

$H_{3б}$. Колективистички ориентираните поединци повисоко го вреднуваат ентитетот *христијани* од индивидуалистички ориентираните поединци.

## Метод

**Субјекти** во ова истражување се 56 студенти (етнички Македонци, на возраст од 20-21 година, 51 женски и 5 машки) кои студираат психологија на Филозофскиот факултет во Скопје. Задавањето на инструментариумот беше направено во рамките на регуларната настава. Испитаниците добија упатство за целите на истражувањето и гаранција за анонимноста.

## Инструменти

За мерење на степенот на изразеност на индивидуализам - колективизам користен е адаптиран превод од **Хофстедовиот прашалник** за утврдување на соодветните културални димензии. Зададената верзија е петостепена скала на која испитаниците треба да го определат интензитетот на согласност со 24 понудени тврдења. Во анализата на податоците се вклучени само ајтемите што се однесуваат на испитуваната варијабла.

Параметрите на етничкиот идентитет се определени со помош на **инструментот за структурна анализа на идентитетот**, конструиран во 1998 година од страна на В. Петроска - Бешка, М. Најчевска и Н. Кениг[3]. Тој

[3] Оваа верзијата на инструментот за анализа на етничкиот идентитет беше користена во рамките на истражувањето „Етничкиот идентитет на Македонците и Албанците во Република Македонија и можноста за развивање на граѓански ориентиран идентитет" спроведено од страна на наведените автори. Детален увид во инструментот може да се добие од необјавениот магистерски труд: Кениг, Н. (2000). *Споредба на етничкиот идентитет на Македонците и Албанците во Република Македонија со користење на инструмент за структурна анализа на идентитетот*, стр. 80-85

се состои од 12 конструкти (биполарни тврдења од социјалното опкружување релевантни за испитуваниот аспект на идентитетот) и 14 ентитети кои се однесуваат на аспекти на селфот (како на пример минат селф, идеален селф, природен сегашен селф, етнички селф и сл.), значајни лица и групи (мајка, татко, Македонци, Албанци) и целини од социјалниот свет (на пример Косово, Македонија и слично). Инструментот е дериватан од метатеоретската рамка *структурна анализа на идентитетот*, чиј автор, Peter Weinreich (1986, 1988, 1989) операционално го дефинира идентитетот преку културално универзалните идентификациски процеси.  За потребите на ова истражување, во превид се земени само неколку параметри на идентитетот и тоа:

- **Емпатиска идентификација** претставува степен на поистоветување со одредено лице, објект или група кое се одвива без оглед на припишаните негативни и позитивни страни од аспект на сопствениот вредносен систем. Тоа е процес на *de facto* идентификација. Во контекст на етничкиот идентитет, индексот на **емпатиската идентификација** со етничкиот селф (Јас како Македонец) од позиција на персонален селф (јас каков-а што сум сега)  укажува на степенот на перципирана истоветност помеѓу двата селф-аспекта. Со други зборови, колку е повисок индексот, толку е помала разликата во перцепцијата и доживувањето на реалноста од позиција на припадност на етничката група и тогаш кога таа не се зема предвид.
- Процесите на идентификација се неразделно поврзани со тоа како лицето ги **проценува** (според усвоениот личен вредносен систем) релевантните објекти од социјалниот свет кои се нудат како можни модели. **Евалуацијата на ентитетите** е општа проценка на дадениот аспект на селфот, групата или симболот, која е резултат на вкупните позитивни и негативни евалуативни конотации во рамките на вредносниот дискурс на поединецот. Индексот на евалуацијата за конкретни ентитети упатува на тоа дали тие се позитивни или негативни модели на иденти-

фикација. Кога индексот на евалуација има износ над 0,70, тогаш ентитетот на кој се однесува е високо ценет и во рамките на идентификациските процеси има улога на модел со кој индивидуата тежнее да биде слична, додека вредноста под -0,10 се смета за индикатор на критично ниска евалуација и следствено, продукт на стрмежот на субјектот да се дисоцира од така ниско проценетиот ентитет.

## Резултати

Резултатите од тестирањето на $H_1$ се прикажани на Табела 1. Со оглед на тоа дека групата со колективистичка ориентација во поголем степен емпатиски се идентификува со етничкиот селф ($t=-2{,}11; 54, p<0{,}05$), може да се заклучи дека хипотезата за поголемата конгруентност помеѓу двата аспекта на селфот (персонален и етнички) кај колективистички ориентираните поединци, во споредба со индивидуалистички ориентираните, е потврдена.

*Табела 1.* Тест на разлики помеѓу групите на емпатиска идентификација со етничкиот селф

| *варијабла* | индив. ориент. (N=29) M | SD | колек. ориент. (N=27) M | SD | t-тест | p |
|---|---|---|---|---|---|---|
| емпатиска идентификација со етничкиот селф | 0,89 | 0,09 | 0,94 | 0,09 | -2,11 | 0,04 |

Табелите 2а и 2б ги содржат наодите добиени од проверката на $H_2$.

*Табела 2а.* Тест на разлики помеѓу групите на емпатиска идентификација со *Македонија*

| варијабла | индив. ориент. (N=29) | | колек. ориент. (N=27) | | t-тест | p |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | M | SD | M | SD | | |
| емпатиска идентификација со Македонија | 0,56 | 0,21 | 0,63 | 0,20 | -1,30 | 0,20 |

*Табела 2б.* Тест на разлики помеѓу групите на емпатиска идентификација со *христијаните*

| *варијабла* | индив. ориент. (N=29) | | колек. ориент. (N=27) | | t-тест | p |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | M | SD | M | SD | | |
| емпатиска идентификација со христијаните | 0,56 | 0,22 | 0,69 | 0,20 | -2,42 | 0,02 |

Генералната хипотеза може само делумно да се прифати; колективистичката ориентација е поврзана со повисока емпатиска идентификација со ентитетот *христијани* ($t=-2,42$; 54, $p<0,05$), но за ентитетот *Македонија,* иако постои претпоставената тенденција (кај „колективистите" перципираната сличност со ентитетот е умерена а кај „индивидуалистите" ниска), разликата помеѓу групите не е статистички значајна.

Резултатите од тестирањето на $H_3$ може да се видат од табелите 3а и 3б. Иако постои тенденција колективистички ориентираните студенти повисоко да ја вреднуваат *Македонија* ($M_{кол}=0,28$ наспроти $M_{инд}=0,22$), статистички значајна разлика помеѓу групите не постои.

*Табела 3а.* Тест на разлики помеѓу групите на вреднување на *Македонија*

| *варијабла* | индив. ориент. (N=29) | | колек. ориент. (N=27) | | t-тест | p |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | M | SD | M | SD | | |
| евалуација на Македонија | 0,22 | 0,32 | 0,28 | 0,30 | -0,74 | 0,46 |

Од друга страна, кога се работи за ентитетот *христијани*, претпоставката за врската помеѓу етничките симболи и димезијата колективизам-индивидуализам, се потврдува. „Колективистите“, значително повисоко го вреднуваат овој ентитет од „индивидуалистите“ ($t=-3,04; 54, p<0,01$).

*Табела 3б.* Тест на разлики помеѓу групите на вреднување на *христијаните*

| *варијабла* | индив. ориент. (N=29) | | колек. ориент. (N=27) | | t-тест | p |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | M | SD | M | SD | | |
| евалуација на христијаните | 0,35 | 0,32 | 0,59 | 0,26 | -3,04 | 0,00 |

## Дискусија

Иако најголемиот број студии на Хофстедовите културални димензии (особено во случаи каде се третирани како личносни особини) се правени исклучиво на студентска популација, се чини дека не е одвишно да се подвлече фактот дека примерокот на ова истражување има сериозни ограничувања и тоа не само поради хомогеноста во поглед на образованието, полот, етничката припадност и возраста, туку и поради бројот на тестираните субјекти. Во контекст на веројатноста дека можноста за генерализацијата на наодите е загрозена, ова истражување треба да се посматра како иницијален обид во областа на испитување на врските помеѓу културалните димензии и етничкиот идентитет.

Резултатите од тестирањето на хипотезата за различниот степен на конгруентност помеѓу етничкиот (Јас како припадик на одредена етничка група) и персоналниот селф (Јас како индивидуа) кај „индивидуалистите“ и „колективистите“ упатуваат на легитимноста на претпоставката дека централната поставеност на групната припадност продуцира намалена можност на индивидуата да зазема различни вредносни позиции во двата наведени аспекта на селфот. За колективистички ори-

ентираниот поединец, групата е далеку понедвосмислен извор на вредности и норми отколку за индивидуалистички ориентираниот, кој, преиспитувајќи ги покритички, креира подлабок јаз помеѓу вредносниот систем под кој оперира во улога на припадник на група и оној кој му е иманентен како на поединец. Ако се земе предвид многупати потврдуваната теза дека целосната идентификација со групата е често користен механизам за успешно редуцирање на анксиозноста, овој наод може посредно да ги надополни објаснувањата на Hsu (според Hui & Villareal, 1989) поврзани со податоците од неговото истражување за зголемената анксиозност кај „индивидуалистите".

Поголемата перципирана сличност и повисокото вреднување на ентитетите, кои се белези на етничноста кај „колективистите", како претпоставки содржани во втората и третата хипотеза, се наметнаа по аналогија на истоветниот механизам што ги раздвојува двете групи - централноста наспроти периферноста на групата во идентификациските процеси. И двете хипотези се потврдени само делумно, и тоа во однос на *христијаните*. Пред да се третира како контрадикторен на останатите, овој наод може да се објасни во контекстот на пошироката социјална реалност на субјектите која, многу веројатно, наметнува поголема хетерогеност на конотативните значења на терминот *Македонија* (за некои испитаници, тоа може да значи „македонската влада", за другите македонскиот народ, граѓаните на Македонија, итн.) наспроти далеку похомогената конотација на терминот *христијани*. Затоа, она што би било неопходно да се преземе во понатамошните испитувања е врз основа на натамошна етнографско-писхолошка анализа да се креира проширена верзија на инструментот, која ќе опфати и други одредници на етничкиот идентитет.

(Рецензент: *Проф. д-р Виолета Петроска-Бешка*)

***Клучни зборови:*** *индивидуализам - колективизам, културални димензии, етнички идентитет, евалуација на етнички ентитети, емпатиска идентификација*

## Литература


1. **Bochner, S.** (1994). Cross-cultural Differences in the self-concept: A Test of Hofstede's Individualism-collectivism Distinction. *Journal of Cross-Cultural Psychology*, 25, 273-283.
2. **Gudykunst, W.B.** *et al* (1992). The influence of individualism-collectivism, self-monitoring and predicted-otcome value on ingroup and outgroup relashionships. *Journal of Cross-Cultural Psychology*, 23, 196-213.
3. **Bond, R. & Smith, P.B.** (1996). Culture and conformity: A meta-anlysis of studies using Asch's line judgement task. *Psychological Bulletin*, 119, 11-137.
4. **Hofstede, G**. (2001). *Culture's Consequences*. Sage Publications: London.
5. **Hofstede, G. J.** *et al.* (2002). *Exploring Culture*. Intercultural Press: Yarmouth.
6. **Hofstede, G**. *et al.* (1998). *Masculinity and Femininity: The Taboo Dimension of National Cultures*. Sage Publications: London.
7. **Hui, H.C.& Villareal, M.J**. (1989). Individualism-Collectivism and Psychological Needs. *Journal of Cross-Cultural Psychology*, 20, 310-323.
8. **Leung, K et al.** (1992). Preference for methods of conflict processing in two collectivist cultures. *International Journal of Psychology*, 27, 195-209.
9. **Leung, K & Bond, M.H.** (1989). On the empirical identification of dimensions for cross-cultural comparisons. *Journal of Cross-Cultural Psychology*, 20, 133-151.
10. **Kashima, E.S, & Kashima Y**. (1998). Culture and Language: The Case of Cultural Dimensions and Personal Pronoun Use. *Journal of Cross-Cultural Psychology*, 29, 461-486.
11. **Кениг, Н**. (2000). *Споредба на етничкиот идентитет на Македонците и Албанците во Република Македонија со користење на инструмент за структурна анализа на идентитетот.* Необјавен магистерски труд.
12. **Shwartz, S.** (1990). Individualism-Collectivism: Critique and proposed refinments. *Journal of Cross-Cultural Psychology*, 21, 139-157.
13. **Triandis, H. C** (*ed.*). (1976). *Handbook of Cross-Cultural Psychology*. Allyn & Bacon: Boston.
14. **Triandis, H. C.** *et al.* (1985). Allocentric versus idiocentric tendencies: Convergent measurement of horizontal and vertical individualism and collectivism. *Journal of Personality and Social Psychology*, 74, 118-128.
15. **Triandis, H. C**. (1995). *Individualism and Collectivism*. Boulder Co: Westview.
15. **Voronov, M & Singer, J.A**. (2002). The Myth of Individualism-Collectivism: A Critical Review. *Journal of Cross-Cultural Psychology.* 14, 461-480.
16. **Weinreich, P**. (1986). The Operationalization of Identity Theory in Racial and Ethnic Relations. Bo Rex, J. & Mason, D.(ed). *Theories of Race and Ethnic Relations*, Cambridge University Press: Cambridge, 281-299.

17. **Weinreich, P**. (1988). Black Youth in South Africa: Situated Identities and Patterns of Ethnic Identification. Bo Canter, D. et al. (eds). *Environmental Social Psychology*. 23-318. Kulwer Academic Publishers: Dordrecht.
18. **Weinreich, P.** (1989). Conflicted Identification: A Comentary on Identity Structure Analysis. Bo *New Identities in Europe*. (ed. Karmela Liebkind). Gower:Vermont, 219-235.
19. **Westerhof, G. J et al**. (2000) Individualism and Collectivism in the personal meaning system of elderly adults. *Journal of Cross-Cultural Psychology,* 6, 649-676.

## SUMMARY

Nikolina KENIG

## ETHNIC IDENTITY AND PERSONAL ORIENTATION: COLLECTIVISM - INDIVIDUALISM, EVALUATION OF ETHNIC SYMBOLS AND EMPATHETIC IDENTIFICATION

Distinguishing the meaning of cultural dimensions versus individual, the author analyses the relationship between individualism-collectivism (idiocentrism-allocentrism) and several aspects of ethnic identity. Since collectivism implies treating group harmony as a core value and differentiation of the social environment into ingroup/outgroup dichotomy by perceiving the in-groups as being very similar as well as keeping the outgroups very distant, it is assumed that as a consequence, collectivism as an individual orientation will influence some aspects of ethnic identity. Ethnic Macedonian students from the University of Skopje responded to Individualism-Collectivism scale and to Identity Structure Analysis instrument designed for assessing facets of ethnic identity. Results show that "collectivists" tend to empathetically identify themselves with their ethnic self more than individualistically oriented persons do. The hypotheses that the latter perceive fewer similarities with entities that are ethnic symbols (*Macedonia* and *Christians*) as well as that they evaluate them lower, were only partially confirmed.


***Key words***: individualism-collectivism, cultural dimensions, ethnic identity, evaluation of ethnic entities, empathetic identification